**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 04-1097/1 Дата: 15.06 2020 година

Согласно член 40, став 4 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 444 од 9.10.2019 година), на ден 15.6.2020 година, деканот на Економскиот факулет – Скопје го објавува следниот:

# П О В И К

за избор на Раководител на
Регионален тренинг центар – Светска царинска организација;

Согласно член 40, став 4 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје: „Изборот на раководител на центар се врши по претходно објавен повик за избор на раководител на центар, при што во рок од 15 дена, заинтересираните кандидати, доставуваат пријави за учество, врз основа на кои деканот го избира раководителот“.

Имајќи ја предвид ваквата статутарна одредба, се повикуваат сите заинтересирани кандидати кои согласно Статутот имаат право, да поднесат пријава за учество.

Пријавите за учество се доставуваат до архивата на Економскиот факултет – Скопје, најдоцна до 30.6.2020 година до 15:30 часот, во затворен коверт со назнака: „за избор на раководител на: Регионален тренинг центар – Светска царинска организација.

Во рок од 5 работни дена од завршување на рокот за пријавување, деканот на Економски факултет – Скопје ќе донесе одлука со која ќе биде избран раководител на Регионален тренинг центар – Светска царинска организација.

Изработил: Д.К.

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *